Асен ГРУПЧЕ

# МАРКС И СОПСТВЕНОСТА

Историскиот придонес на Карл Маркс во откривањето на потеклото, суштината и функциите на сопственоста како систем на односи и како облик на присвојување на средствата, условите и производите на човечкиот труд, општо земено добро е познат. Ќе потсетиме само дека Маркс за сопственоста утврди оти е израз на производствените односи, како основен вид општествени односи, и ги откри взаемната поврзаност на овие односи со производните сили, потоа класниот карактер на сопственоста, нејзините функции, облици и карактеристики, нејзината историска променливост и поливалентност, задржувајќи се особено на современите општества. На кусо, Маркс покажа дека дека секоја општествено-економска формација има свој доминантен сопственички систем и дека основната смисла на борбата на новите општествени сили е рушењето на старите производствени т.е. сопственички односи и создавање на нови, понапредни. Така, модерното работничко движење се стреми кон укинување на буржоаската и создавање на социјалистичка сопственост како основна цел, заради која треба да се заземе и политичката власт.

Од кажаното произлегуваат две основни констатации: а) првокласното значење на сопственоста за одредување карактерот и развитокот на општеството; и б) исто таквото значење на Марксовата мисла во поглед откривањето суштината и функциите на сопственоста.

Бидејќи, како што се рече, Марксовите искажувања се добро познати, во оваа прилика нема потреба, како што нема ни можност, да се расправа за целото Марксово учење за сопственоста. Ќе укажеме само на оние негови оценки или формулации кои кај нас нееднакво се толкуваат а се од значење за резрешувањето на прашањата сврзани за сопственоста во СФРЈ, посебно општествената.

Меѓу таквите прашања би ги издвоил следниве меѓусебно поврзани прашања: 1) што е сопственост, а што присвојување и во што е разликата меѓу сопственоста како економска и прав-

на категорија? Дали и во каква смисла денеска егзистира категоријата сопственост? 2) Која е општествено-економската суштина на општествената сопственост и како се изразува таа? 3) Дали сопственоста е историска или вечна категорија? 4) Каков е поблискиот однос меѓу правните и економски категории, посебно на подрачјето на сопственоста?

*Ад. 1. Што е сопственост а што присвојување во економска и правна смисла?* Несомнено е дека сопственоста значи присвојување на стварите од одделни лица за задоволување на нивните потреби. Присвојувањето пак претставува обезбедување за себе корисните особини на стварите со исклучување на другите лица. Стварите се присвојуваат во две нивни својства — како средства или услови за производство или како производи за непосредно задоволување на потребите. По својата содржина присвојувањето се јавува во два вида — како користење и располагање, односно како остварување на употребната и прометната вредност на стварите. Овие две компоненти всушност претставуваат единство на спротивностите. Тие инаку можат да бидат различни по мерката, начинот, времето на остварувањето и по други околности. Два или повеќе субјекти можат да присвојуваат една иста ствар на различни начини и во различна мерка.

Тоа се некои неспорни особини на сопственоста, односно присвојувањето.

Прашање е, меѓутоа, дали секое присвојување добива сопственички карактер, односно дали постои идентитет меѓу сопственоста и присвојувањето? Ако не е така, кој поим е генус а кој специес? Некои автори сметат дека системот на односите означен како општествена сопственост не допушта никакво присвојување а уште помалку сопственичкото (Драгишиќ). Според други присвојувањето постои само во економска но не и во правна смисла. Во таа смисла и кога е делумно тоа е сопственичко. (Ведриш, Стојановиќ и др.) Според трети, во нашите услови постои само делумно присвојување кое може да се квалификува како сопственичко и во економска и во правна смисла (Бајт). Според тоа, различни се сфаќањата за односот меѓу наведените два поими. Прашање е; кое од нив е прифатливо и до колку во давањето на одговори можеме да се потпреме на Марксовите идеи, односно како да ги толкуваме нив?

Од бројните Марксови мисли веројатно прво треба да се укаже на познатиот пасус од Уводот кон Критиката на политичката економија во кој тој ја открива двојната природа на сопственоста како присвојување на природата.[1]) Според него „секое производство е присвојување на природата од страна на единката во рамките на некој определен општествен облик и со негово посредство“. Како што се гледа, сопственоста како при-

---

1) Критика на политичката економија. Предговор и увод, изд. Култура, Бгд, 1949 20.

својување има две компоненти — техничка и општествена. Техничката можеме да ја оставиме на страна, а ќе ја осветлиме општествената. Субјект на присвојувањето, секогаш е човекот. Но тој по правило не произведува сам за себе, како изолирана единка. „Производството на осамениот поединец, надвор од општеството... бесмислица е како и развивањето на јазик без индивидуи кои живеат заедно и говорат меѓу себе“.[2]) Затоа производството и со него присвојувањето се остварува секогаш во одреден вид на општествени односи, односно зависно од нив. Тоа значи дека присвојувањето е општествен однос, именуван како производствен однос.[3]) Според тоа, колку и како одделно лице ќе присвои од средствата за производство и од производите на општествениот труд зависи од видот на производствените односи. Во класните општества средствата и условите за производство им припаѓаат на сопственичките класи. На таа основа тие го присвојуваат и лавовскиот дел од општествениот производ. Бидејќи пак општествениот производ го создаваат производувачките класи (робови, кметови, пролетери) сопственоста всушност значи присвојување на туѓиот труд. Тоа е и суштината на експлоатацијата.[4]) Сепак и во класните општества мора да им се остави малку место и на производителите за нивно присвојување за да може да се обезбеди нужната репродукција на живата сила како елемент на вкупната општествена репродукција.

На овој начин констатираме и известен вид на двојно присвојување на општествениот производ. Сепак оваа двојност не дава вистинска можност за решавање на двојството меѓу сопственоста и присвојувањето. Неа треба да ја бараме на друго место.

Ако се вратиме на споменатиот пасус од Уводот, на прв поглед изгледа како Маркс да ги изедначува овие два поими употребувајќи ги паралелно во иста смисла или ставајќи ги во заграда едниот крај другиот.[5]) Треба да се види дали во прилог на ваквото толкување на Маркс не може да се наведе и една негова формулација во Капитал III (гл. 37) дека закупецот на

---

[2]) Истото дело, 15—16.

[3]) Во врска со тоа познато е и Марксовото предупредување дека тие односи меѓу луѓето не зависат од самите нив. (Истото дело, 9). Односите одговараат на степенот на развитокот, односно на карактерот на материјалните сили. Во принцип, какви се силите, такви се и односите. Односите од своја страна дејствуваат врз силите како движечки или сопирачка сила. Кога односите ќе престанат да им одговараат на силите, тие го попречуваат нивниот развиток па во одреден момент биваат срушени. Тоа се, како што се изразил Маркс, епохите на социјалните револуции. Социјалистичката револуција значи рушење на буржоаските сопственички односи и создавање нови социјалистички односи. Меѓутоа проблемот на постојано усогласување на состојбата на силите и на производствените односи останува актуелен и во рамките на социјалистичкиот развиток.

земјиште претставува сопственик во економска смисла за разлика од сопственикот во правна смисла. Ако оваа мисла се сфати буквално би значело дека Маркс мисли дека и делумното присвојување од закупецот претставува сопственост во економска смисла, односно дека во таа смисла не постои разлика меѓу сопственоста и присвојувањето. Ваквото толкување на оваа Марксова мисла прифатено е од дел на нашата теорија како аргумент повеќе за тезата дека секое, т.е. и делумното присвојување значи сопственост во економска смисла.[6])

Сметам дека нема основа да се идентифицираат сопственоста и присвојувањето, ни во економска ни во правна смисла.

Во врска со оваа дилема прво ќе се задржиме на Марксовите формулации. Мислам дека на Маркс не можеме да му припишеме безрезервно идентифицирање на овие два поими. Сигурно е дека тој во Уводот го имал предвид типичниот и основен вид на присвојувањето, т.е. сопственичкото како потполн израз на производствените односи. Нема сомневање дека овие односи не може поинаку да се претстават освен како целосно, т.е. сопственичко присвојување и тоа во економска смисла. Производствените односи до колку се со својот карактер сопственички, не можат да се изразат со изведени категории какво што е делумното присвојување. Затоа Маркс во овој контекс го нема него предвид, па затоа присвојувањето го изедначува со сопственоста. Тоа не значи дека делумно присвојување не постои, ниту дека Маркс него го исклучува. Во сложеноста на производствените односи покрај основните, сопственичките, постојат и други, изведени односи кои се сведуваат на парцијалното присвојување. Теоријата во главно тоа и не го спори. Според тоа, останува да се најде суштинската, содржинската разлика меѓу делумното и целосното присвојување, како несопственичко и сопственичко присвојување. Ако остварувањето на одредени користи од една ствар им е заедничко, разликата меѓу нив треба да се бара во квантитетот, но и во тоа што тој прераснува во нов посебен квалитет. Во принцип сопственичкото присвојување е целосно и неограничено, па се протегнува на

---

[4]) Ситните поизводители како посебна сфера на присвојувањето врз основа на сопствениот труд и сопствените средства, овде не ги земаме предвид бидејќи се небитен елемент на класните општества; Инаку овие производители се присутни и во социјализмот, така што претставуваат посебно подрачје од интерес за разгледување.

[5]) „... тавтологија е да се каже дека сопственоста (присвојувањето) е услов за производство .... не може да стане збор ... за некое општество каде не постои некој облик на сопственост ... Присвојување кое ништо не присвојува е контрадикциоин субјект“. (Истото дело 20, 20).

[6]) М. Ведриш, Основе имовинског права, Згб, 1976 г., 130, 133; Д. Стојановиќ, Стварно право, Бгд, 1968, 1968, 44; А. Гамс, Основи стварног права, Бгд, 34, 38; вака пораню и авторот на овој прилог: Стварно право, Скопје, 1976, 31—32.

двете познати компоненти — користењето и располагањето со стварите. По правило парцијалното присвојување се однесува само на една од двете компоненти, но и кога постојат двете, носителот нив не може да ги остварува во целост. Така, на пр., во системот на општествената сопственост општествените субјекти користат и располагаат со средства но не и целосно. Затоа тие и не вршат сопственичко присвојување. Во ваков систем парцијалното присвојување станува израз на основните производствени односи. Сите присвојуваат, но никој целосно, сопственички. Во сопственичките системи пак, кога постои парцијално присвојување на туѓа ствар, макар што таквото присвојување значи ограничување на сопственичкото, ова останува основна карактеристика на присвојувањето. Сопственикот присвојува во битност, во најголем дел, и од него зависи судбината на ствартa, односно учеството во репродукцијата. Сопственикот е главен присвојувач. На пр. закупец на туѓо земјиште го користи земјиштето и со тоа делумно го присвојува, но тој дел од производот мора да го одвои за сопственикот во облик на закупнина. Овој добива замена за сопственото некористење, а освен тоа останува како сопственик во низа својства, меѓу кое и во поглед можноста да го пренесе земјиштето на други лица во замена на неговата прометна вредност. Тоа ќе важи и во сите други случаи кога некое лице врши одредено присвојување врз туѓа ствар. (На пр., послуга, заем, службености, залог и др.) Поради ова, сопственичкото присвојување може да се релативизира, ограничи, но останува како такво, па делумното присвојување не го доведува во прашање неговиот основен квалитет. Всушност делумното присвојување во сопственичките системи е само коректив на основниот производствен однос, сопственичкиот. И во случај кога сопственикот на средствата или условите за производство одделува дел од вкупниот производ во корист на производителите, во пари или натура, тој располага со одделните производи како со свои, а производителите дури по извршената распределба ќе станат сопственици на тие производи. Така, ни во овој случај сопственичкото присвојување не се негира.

Ако посебно се задржиме на Марксовата формула за закупецот како економски сопственик, неа мораме да ја протолкуваме условно, т.е. во врска со третираната тема за земјишната рента. Капиталистичкиот закупец во однос на своите работници се јавува како сопственик на земјиштето и на производот. Во поглед на производот тоа би важело и за ситниот закупец. Но и едниот и другиот во однос на сопственикот на земјиштето не можат да фигурираат како сопственици ни во економска ни во правна смисла. Во истиот дел од „Капитал“ Маркс повеќепати нагласува дека закупецот мора да ја признае туѓата сопственост врз земјиштето, пред сè со плаќањето на апсолутната

рента во облик на закупнина. (Стр. 538 и др.) За сопственикот во економска смисла, се менува само начинот на присвојувањето, а не самото присвојување.

Заради изложеното, сметам дека наведените Марксови искажувања не можат да послужат како подлога за идентификација на двата вида присвојување, односно за прогласување на секое присвојување за сопственичко, макар и во економска смисла.

Покрај тоа, независно од толкувањето на Марксовите текстови, сметам дека е логично и оправдано да се прифати квалитативната разлика меѓу делумното и целосно присвојување и само второто да се признае како сопственичко, како во економска така и во правна смисла. Пред сѐ, содржински двете присвојувања не смеат да се изедначат. Сопственичкото присвојување без сомневање е основен вид на присвојување, основен израз на производствените односи и како такво заслужува посебна ознака не само во правна туку и во економска смисла. Наспроти тоа, изедначувањето на двата вида присвојување, со нивно ставање под заеднички назив „сопственост" внесува забуна за природата на основните производствени односи прогласувајќи ги сите присвојувања како сопственички. Во класните општества нивната идентификација води кон бришење на класните разлики кои се изразуваат поред сѐ преку системот на основните производствени, т.е. сопственички односи. Ваквата постапка води кон талкања и во системот на општествено-економските односи кај нас затоа што му дава за право на ставот дека секое присвојување значи сопственост. Знаеме дека ваквото сфаќање носи, покрај другото, низа последици во практичното однесување кон средствата во општествена сопственост (групна сопственост и други приватизации). На крајот ваквото сфаќање создава сериозни забуни и во поглед на односот меѓу — економијата и правото, кое прашање ќе биде осветлено во последниот дел од овој труд. Овде сепак ќе се запреме на кусо на тоа прашање.

Како што се изложи, од нас критикуваниот став појдува дека квалитативни разлики постојат само меѓу сопственоста во економска и правна смисла а не и меѓу присвојувањето и сопственоста во економска смисла. И делумен присвојувач, по ова становиште, е сопственик во економска смисла. Ваквото разрешување на прашањето според нас е недоследно, невообичаено. Ако правото е надградба над економијата, тоа мора вистински да ги изразува соодветните економски категории, односно содржини. Затоа ако на економски план постои разлика меѓу делумното и целосно присвојување, а таа секако постои, таа мора да се изрази и на правниот план. Ако таква разлика не постои на економски план, таа не може да создаде ни различни правни изрази. Сопственоста во економска смисла мора да се

оформи и како сопственост во правна смисла или како право на сопственост, и обратно. Со други зборови, ако делумното присвојување во економска смисла го сметаме како сопственичко, тогаш и неговото правно изразување мора да добие иста таква квалификација. Неспорно е дека во системи во кои постои правото на сопственост, поставувањето на двата поими на сопственоста — во економска и правна смисла — е така усогласено што ако сопственоста во економска смисла значи целосно привојување на една ствар, сопственоста во правна смисла значи само озаконување на фактичкото, економско, целосно присвојуваање на една ствар. Овој приод мора да се уважи доследно и во општествен систем каков што е општествената сопственост која не дозволува целосно, сопственичко присвојување ни во економска ни во правна смисла.

Според тоа, целосното присвојување ќе се изрази како сопственост во економска и правна смисла, а делумното економско присвојување во повеќе правни облици различни од правото на сопственост.

Како што кажавме, расчистувањето на прашањето за вистинската смисла на изразите сопственост и присвојување е мошне значајно за одредувањето на суштината (природата) на присвојувањето во условите на општествената сопственост. Како што е познато по историскиот закон од 1950 година во СФРЈ започна да се гради нов систем на производствени односи, поставен по официјалната концепција на несопственичката основа. (Устав на СФРЈ од 1963, III дел од основните одредби). Меѓутоа, како што се спомена, во поглед карактерот на односите, постојат доста различни мислења кои бараат оценка.

Очигледно е, пред сè, дека парцијалното присвојување мора да постои и во нашиот систем. Тоа го бара стоковно-паричниот карактер на стопанството и постоењето на посебни организациони облици кои ги носат процесите на репродукцијата. Тоа делумно присвојување, како што е споменато, и во денешни услови се остварува преку ограниченото користење и располагање со средствата и производите на трудот. Сè тоа на начин што присвојувањето да се изразува и како општествено. Структурата на доходот и принципот на присвојување врз основа на трудот се главни показатели на присвојувањето и на неговиот ограничен карактер. Затоа не може да се прифати гледиштето дека на ова подрачје воопшто нема присвојување. Таквото тврдење, покрај кажаното, внесува непотребна нејасност во поимот присвојување. Се поставува и прашањето: како инаку ќе се изрази општествената сопственост како основа за задоволување на личните и заеднички потреби и интереси на работниците и работните луѓе?

Позабележано е становиштето дека во нашиот систем постои присвојување само во економска смисла, но не и во

правна. (Споменатите Ведриш, Стојановиќ и др.) Порано веќе изразивме мислење дека ваквото спротивставување на економските и правни категории не е прифатливо. Се поставува прашањето: зошто се јавува ова мислење? По наше уверение причина за порекнувањето на делумното присвојување во правна смисла е несфаќањето на двојството на присвојувањето. Оттаму произлегува нескриениот страв дека ако се признае делумното присвојување како правна категорија тоа ќе значи некакво враќање кон сопственоста како систем на односи. Меѓутоа, ако се сложиме дека делумното присвојување не е сопственичко и дека таквото ограничено присвојување е и законски димензионирано, сметаме дека нема никакво ставарно оправдување ова присвојување да се порекне како постојна правна категорија. Меѓу другото, познато е дека уставите, Законот на здружениот труд и други прописи повеќе или помалку успешно, но реално ја изразуваат на правен план содржината на присвојувањето кое го остваруваат социјалистичките субјекти. Становиштето кое допушта да постои делумно присвојување во економска смисла, па дури го смета и за сопственост во економска смисла, а од друга страна, не признава постоење на соодветни правни облици на делумното присвојување, прави две грешки. Неговата основна грешка произлегува од заблудата дека користењето и присвојувањето како компоненти на присвојувањето произлегуваат исклучиво од сопственоста. Вистината е пак во тоа што двата начината на присвојувањето произлегуваат од природата (физичка и економска) на стварите а не од сопственоста. Дали присвојувањето ќе добие или не сопственички карактер зависи од производствените односи. Проблемот е, значи, во тоа правилно да се сфати врската меѓу присвојувањето и сопственоста, односно да се сфати дека тие не се сврзани со папочна врска (неразделно и дека сопственоста како потполно присвојување се јавува во определени историски услови, а не секогаш.

Третото становиште кое секое присвојување, т.е. и делумното го смета за сопственичко во економска и правна смисла пореално е од двете претходни становишта до колку признава дека во социјалистички услови постои делумно присвојување во двата смисла. Меѓутоа, и ова становиште трпи критика затоа што нè враќа кон сопственоста како систем на односи, кои ги сметаме веке за надминати, барем во системска смисла. Во поткрепа на нашево становиште треба да се потсети на уставната формулација дека „никој не може ни по кој правно сопственички основ да присвојува производ на општествен труд, ниту да управува и да располага со општествени средства“. Би додал дека оваа концепција има и свој релативно разработен механизам, кој ја потврдува несопственичката конструкција на општествената сопственост. На крајот, не се истакнати, ни оправдани практични причини зошто е добро или потребно делумното

присвојување на општествените средства да се третира како сопственичко? Дали таквата формула ќе ја јакне позицијата на здружениот работник и општествениот карактер на средствата?

Воопшто, може да се заклучи дека разликувањето на двата степена присвојување како два посебни и егзистетни економски квалитети е оправдано и нужно, како што е нужно и соодветната правна надградба да се изрази во две групи правни институти — сопственосни и несопственосни. Во СФРЈ, на подрачјето на општествената сопственост, без сомневање, сопственичкото присвојување отпаѓа и во економска и во правна смисла, т.е. може да се одреди само во негативна смисла, како престанок или укинување на сопственоста.

Би следувало, веројатно, овде да се отвори и прашањето дали сопственоста е вечна категорија или не, но тоа прашање ќе го расправиме подоцна, откога ќе се изложи поблиску содржината на општествената сопственост.

*Ад. 2. Каква е општествено-економската и правна суштина на општествената сопственост и како се изразува таа?* Маркс, како што е познато, основното внимание го посвети на откривањето експлоататорскиот карактер и механизмот на буржоаската сопственост. Истовремено, од критиката на таа сопственост мораше да произлезе и една визија на идната социјалистичка сопственост. Во „Капиталот" I (1867) тој веќе ја скицира таа сопственост како „воспоставување на индивидуалната сопственост врз придобивките на капиталистичката ера: врз основа на кооперацијата и заедничкото поседување на земјата и средствата за производство што ги произнел самиот труд".[7]) Знатно порано, во Комунистичкиот манифест (1948) заедно со Енгелс бележи:" .. капиталот е општествена сила... кога капиталот ќе се претвори во општа сопственост, во сопственост која им припаѓа на сите членови на општеството, со тоа личната сопственост не се претвора во општествена, се менува само карактерот на сопственост, таа го губи својот класен карактер. „Натаму, во „Манифестот" стои и другата мошне позната мисла дека „комунизмот не одзема никому можност за присвојување на производите на општествениот труд; тој ја одзема само можноста со присвојувањето да се подјарми себе си туѓиот труд".[8]) Подоцна, по Париската комуна, Маркс повторно ја одредува суштината на општествената сопственост:" таа (Пар. комуна — АГ) сакаше индивидуалната сопственост да ја направи стварност, претворајќи ги средствата за производство, земјата и капиталот во голи орудија на слободниот и здружен труд . . ."[9]) Уште поблиску, Маркс ја конципира социјалистичката сопственост и човекот во неа во „Критиката на Готската програма" кога зборува

[7]) Капитал I, Култура, Бгд, 1947, 646.
[8]) Избрани дела, том I, Култура, Бгд., 1949, 28, 30.
[9]) Избрани дела, том, I, Култура, Бгд, 1949, 500.

за двете фази од развитокот на новото бескласно општество, во кое постои заедничка сопственост врз средствата, а присвојувањето на производите се врши прво според трудот а подоцна според потребите.[10])

Оваа Марксова визија за социјалистичката сопственост изразена е во сите наши понови документи од политички и правен карактер. Така, во важечките устави општествената сопственост е означена како заедничка основа на општествениот труд и општествената репродукција која служи за задоволување на личните и заеднички потреби и интереси на работните луѓе и за развивање на материјалната основа на социјалистичкото општество и на самоуправните односи. Секој може да работи со средствата во општествена сопственост и врз основа на својот труд да учествува во присвојувањето на производите на општествениот труд. Никој не може да присвојува врз основа на некакво сопственичко право. (Устави од 1963 и 1974 год., III дел од основните начела).

Очигледно е дека општествената сопственост мора да се сфати како двојство или единство на индивидуално и колективно (општествено) присвојување. Општествената сопственост е реафирмација на индивидуалната сопственост, но на нова основа која одговара на природата на средствата. (Маркс: негација на негацијата). Практично таа се сведува, како што се изразил и Едвард Кардељ, на „систем на институционализирани права и одговорности на работниците и сите работни луѓе“.[11]) Конкретните механизми за реализација на овој систем се познати (право на работа, доходовен принцип и др.). Потребата од натамошно изградување на овој систем, како и подоследната примена во практиката, несомнено се постојано актуелни, а особено денес кога на видело излегуваат сериозни тешкотии во остварувањето на системот и репродукцијата воопшто.

Оваа скица на поставеното прашање ќе ја приклучиме со констатацијата дека не само Маркс, туку и дневната практика категорички упатуваат на нужноста системот на општествената сопственост секогаш да се гради врз принципот на почитувањето на одделните, заеднички и општи интереси, а тоа може да биде само со соодветно усогласување на сите тие интереси. Неусогласеноста на интересите предизвикува бројни тешкотии познати од дневната практика.

*Ад 3) Дали сопственоста е историска или вечна категорија?* На ова прашање делумично е веќе одговорено, но овде ќе го заокружиме. Ќе го земеме предвид прво Марксовото изјаснување.

---

[10]) Избрани дела, том II, Култура, Бгд., 1950, 14—15.

[11]) Говор на третата седница на ЦК СКЈ по повод Законот за здружен труд, издание на Комунист, Скопје, Документи, 1976, 61.

Веќе во разгледувањето на поимите сопственост и присвојување во Марксовите дела, на прв поглед, според употребените формулации, се чини како тој сопственоста да ја смета за вечна категорија. „Не може да стане збор за некакво производство, значи и за некое општество каде не постои некој облик на сопственост“. (Увод). Во Комунистичкиот манифест (II дел) Маркс и Енгелс одбиваат тврдења дека комунистите сакаат да ја укинат сопственоста воопшто, па наведуваат дека „она што ја чини одликата на комунизмот не е укинувањето на сопственоста воопшто туку укинувањето на буржоаската сопственост.” Ваквите и слични искажувања на класиците на марксизмот од некои наши автори се толкуваат во смисла дека сопственоста е вечна, константна категорија. (Гамс и др.). Сметам дека овие оценки на Марксовите текстови не се реални. Пред сè, наведените формулации треба да се толкуваат во врска со утврдувањето на ставот на марксизмот спрема ситната, посебно личната сопственост. По тој повод Маркс и Енгелс повторуваат дека тие не се против присвојувањето воопшто, туку против присвојувањето на туѓиот труд. Ако пак се земе предвид индивидуалното присвојување во социјалистичките услови тоа може да се врши само во согласност со природата на материјалните сили т.е. во здружениот труд. Сите порано наведени цитати на Маркс (Ад. 2) всушност зборуваат дека во овие услови, кога ќе биде отстранет третиот фактор, не може да постои сопственичко присвојување. Тоа значи дека и според него, во социјализмот исчезнува сопственоста како облик на присвојување.

Останува, сепак, прашањето: Зошто, Маркс, а во наши денешни услови заедно со него и Едвард Кардељ[12]), како и нашето важечко законодавство на чело со уставот го задржуваат изразот сопственост (општествена сопственост)? Мислам дека задржувањето на овој израз како ознака на системот на основните општествено-економски односи во сегашната фаза од развитокот на новото неексплоататорско општество, и покрај тој што го негира сопственичкиот статус на поодделни индивидуални или колективни субјекти, има свое оправдување: прво, за тоа што на тој начин се негира правото на било кој поодделен субјект да присвојува сопственички (негативно определување на општествената сопственост); второ, за да се покаже со тоа дека присвојувањето во целост го врши општеството како специфичен систем на односи; и трето, затоа што присвојувањето се остварува во еден систем на ограничување во распределбата на општествениот производ, а не слободно, т.е. според потребите на секој член на општествената заедница. Во таа смисла значајна е Марксовата визија на распределбата во двете фази од развитокот на новото општество дадена во „Критиката

[12]) Противречностите на општествената сопственост во современата социјалистичка практика, Рад. штампа, Бгд., 1976, 10.

на Готската програма". Од неа секако може да се заклучи дека општественото ограничување на распределбата на општествениот производ претставува критериум во чие присуство сè уште може да се зборува за сопственички односи воопшто или барем за нивни остатоци. Во иста смисла се искажува и Кардељ, макар што и тој на повеќе места смета дека укинувањето на одделните сопственички облици не значи истовремено и укинување на сопственоста како принцип[13]), кога општествената сопственост ја оценува како систем на односи кој „е истовремено и *нуклеус, односно почеток на укинувањето на секој облик на сопственички систем (подвлекол — АГ)* зашто заедничката сопственост, односно општествената сопственост со натамошниот развој на производните сили и со порастот на продуктивноста на трудот, сè повеќе ќе изразува односи на расподелбата според потребите, а сè помалку односи на распределба според трудот. Со тоа, всушност, општествената сопственост ќе станува сè помалку ограничувачки фактор за личното присвојување според личните потреби".[14]) Тоа значи дека во однос на природата човек постојано ќе присвојува, но во општествената смисла присвојувањето како општествен однос на еден субјект од друг, делумно или целосно, секако ќе исчезнува и ќе исчезне.

Но сè тоа не смее да се сфати ни како пледоаје за конзервирање на постојните облици на присвојување, ниту пак враќање на старите категории каква што е индивидуалната или групна сопственост.

*Аб. 4. Поблиску за односот меѓу економијата и правото на подрачјето на сопственоста.* Зборувајќи за односот меѓу сопственоста во економска и правна смисла веќе го отворивме ова прашање. Овде ќе изнесеме уште некои искажувања на Маркс по него. Пред сè, општо е позната поставката од Предговорот кон „Критиката на политичката економија". Таму е нагласено дека економската структура е основа врз која се подига правната и политичката надградба и дека сопственичките односи се само израз на производствени односи. Во „Манифестот" е исто така нагласено дека правото е само во закон претворена волја на владеачката класа „чија содржина е дадена во материјалните услови на животот ..."[15]) Во „Критиката на Готската програма" се нагласува дека правото никогаш не може да биде над економската структура на општеството.[16]) Наведените и други места од Марксовите дела[17]) очигледно зборуваат за нужноста

---

13) Истото дело како и во Фус. бр. 12, стр. 10.
тено на Конрад Шмид од 1890 год. (Изб. дела, II том, стр. 481—2.

14) Истото дело како и во фус. бр. 11, стр. 68.

15) Избрани дела, I том, Култура, Бгд., 1949, 30.

16) Избрани дела, II том, Култура, Бгд., 1950, 15.

17) За прашањето се мошне значајни и Енгелсовите искажувања, меѓу кои и она во Лудвиг Фојербах (IV дел) и неговите писма, посебно упатено на Конрад Шмид од 1890 год. (Изб. дела, II том, стр. 481-2.

на правно надградување на економските односи и за адекватноста на тоа надградување. Во таа светлина треба да ја толкуваме и Марксовата мисла дека во социјалистичките услови средствата за производство се „голо орудие на слободниот и здружен труд.“[18]) Сметам дека Маркс на ова место сака да каже само тоа дека во овие услови средствата престануваат да бидат средства за поробување на луѓето, односно дека сопственоста го губи својот класен карактер, како што тоа е кажано во „Манифестот“. Меѓутоа, некои наши автори оваа теза ја земаат како основа за тврдењето дека односите ги губат своите правни својства, односно дека средствата го губат својството на објекти на права на одредени субјекти и се во слободен режим.[19]) Мислам дека ваквите оценки не се прифатливи и дека Марксовата мисла од причината наведена погоре не може да послужи како основа за нив. Овде би додале уште и тоа дека Маркс на повеќе места дал само некои најелементарни црти на идното социјалистичко општество и од него не може да се очекува секогаш да ги определи и поблиските елементи од поодделните фази на развитокот на тоа општество, односно карактеристиките на преодните периоди. Најпосле, во „Критиката на Готската програма“ тој дури изречено нагласил дека во фазата на социјализмот правното уредување на распределбата е нужно. Во денешни услови, надвор од секакво сомневање е дека е потребно правното уредување на општествено-економските односи, а во тие рамки и на механизмите на присвојувањето на средствата во општествена сопственост. Сметаме дека не може да стане збор дека средствата се надвор од правното уредување и дека секој во буквална смисла може да ги користи или да располага со нив. Како што е добро познато, правниот поредок доста прецизно ги одредува субјектите и нивните имотни и други права. Во прилог на нашево тврдење можеме да ја земеме предвид и Кардељевата формулација според која средствата се само „општ услов што му овозможува на одделниот работник да го остварува своето право на работа“, па сепак тој (Кардељ) од своја страна станува против сфаќањето „на поимот општествена сопственост во социјализмот да му се негира секаква конкретна материјална и правна содржина“.[20]) Всушност со оваа своја мисла Кардељ предупредува, дека да се негира правниот карактер на општествената сопственост значи да се оневазможува нејзиното оживување. Да се негира нешто старо што е надминато и што пречи на натамошниот развиток на материјалните сили и односите, тоа е потребно и оправдано, но да се негира нешто што е нужно, макар и остаток од старото општество, како што

---

[18]) Избрани дела, II том, Култура, Бгд., 1950, 500.

[19]) Владимир Хорват, Правни субјекти и субјективна права радника . . . , спис. Наша законитост бр. 4/76, и други автори.

[20]) Истото дело како и во фус. бр. 12, стр. 10 и др.

е правото во целина и категориите сврзани со системот на општествената сопственост, не е ни основано ни оправдано. По овој повод, уште еднаш ќе потсетиме на „Критиката на Готската програма“ каде Маркс подвлекува дека еднаквоста во првата фаза од комунистичкото општество е на еден начин сè уште буржоаско право но дека таа фаза не може да се надмине тукутака. Затоа негацијата на егзистетните економски односи и нивните правни облици не може да се допушти. Мора да се каже дека дел од правниците склон е да го усмери својот поглед кон иднината, што е добро, но не ако, при тоа, се превидува сегашната ситуација. Оттаму произлегува значењето на ова прашање. Имено, се негираат имотните права на субјектите врз средствата кои се неопходни за обезбедување на општествената репродукција во условите на стоковно-паричното стопанство, какво што е нашето. Од гледиштето на имотното право тоа е денес кај нас основна дилема која во теоријата мора да се разреши врз основа на принципиелните ставови на марксизмот за односот меѓу правото и економијата и уважување на важечките уставни и законски текстови.

Сè на сè, Маркс, а крај него и Енгелс, заслужуваат да бидат сериозно изучувани, преиспитувани и доразвивани, како во поглед и на другите страни на општествениот живот, така и во градењето и остварувањето на основните општествено-економски т.е. сопственосните односи во нашите социјалистички услови, а посебно на подрачјето на социјализираните средства и услови за производство, односно на здружениот труд.

Asen GRUPČE

## MARX AND PROPERTY

### Summary

When considering the importance of property in defining the character and the development of society and the big contribution by Marx on this theme, the author of this paper examines four important groups of questions which are of relevance to Yugoslavia.

1. The essence of property and its difference to the act of acquisition. The distinction of these two terms is of major importance for understanding the relations of production in socialism. There exist at least three different views on this:

a) Every form of aquisition in the field of social property is excluded;

b) Ecquisition exists only in the economic sense;

c) Every form of acquisition is a form of property both in the economic and legal sense. The author's view is that aquisition in systems where property exist appears in two forms: in full, and in part; that only aquisition in full is property, and that in our system nobody can acquire in full but only in part both in the legal and economic sense. Paying a special attention to Marx's formulation the author states that Marx in his „Introduction to the Criticism of Political „Economy", uses both terms in identical sense because the act of acqutisition, as a form of the basic relations of production, must be understood soleley as property in full. But, this idea of Marx does not mean that he excluded acquisition in part as a relation derived from production i.e. as a separate quality. When analyzing Marx's concept of the renter as the owner in an economic sense, and of the landlord as the owner in a legal sense, the author believes that Marx did not imply that property both in the economic and in the legal sense could have differed in their contents. The author believes that the distinction of property should be looked at from its legal point of view, 2. The socialist form of propert y. Marx's vision that socialist property had to be an inseparable form of individual and common acquisition was outlined and accepted both by the recent Yugoslav school of thought and in political and juridical documents and was then realized in practice. The socialist property is a reaffirmation of individual propery which means that evarybody should acquire and receive the benefits of the results of his labour i. e. it is a system of interdependent relations allowing fpr the satisfaction of the community as a whole. The main task today is to advance the mechanism of this double form of acquisition and furthermore, to apply it.

3. The problem if the property is a transitive, a historical or an everlasting phenomenon.

The author believes that some writings of Marx on this question cause certain difficulties. Marx was firmly in favour of the historical evolution of the forms of property, but when refering to property as a system of relations he allowed for certain discussion. (The communist Manifesto, Introduction to the Criticism . . .). The author believes that Marx's attitude can still be interpreted as that as was put forward recently by Edvard Kardelj that property would disappear in communism when the products of social labour will have been distributed according to the needes of people.

4. Relations between economics and law with respect to property and acquisition.

In respect to Marx's general view of the law as being an infrastructure of the economic relations, the author criticizes those views held in the Yugoslav theory of law which negate or

present inadequately the functional connection between law and economics. In that context the author reminds one of the two principle dilemmas that surround the juridical essence of social property:

a) Does a right for property exist in the area of social property

b) Are there any subdivisions in property law?

The author defends the prevailing view that social property cannot be thought of as a juridical category of property but, that at the same time, some limited property rights must exist in a monetary system like ours. In this context, the author comments on Marx's idea that in the conditions of a socialist society, the means of production will „merely be a tool held by the associated labour', which he believes to be misunderstood, because this view suggests that the means had already lost their juridical character as objects of the relations upon which certain property rights exist — namely, their benefit and ownership.